# Состојбата на граничните премини
# Гевгелија и Куманово

***Период: 17.10.2016– 23.10.2016***

## Гевгелија

### *Просторни капацитети и услови*

На почетокот на седмицата, бројот на бегалци во кампот изнесуваше 116, а до крајот на седмицата се зголеми на 122.

Во кампот нема поголеми промени во однос на просторните капацитети и условите.

Во текот на седмицата во кампот остварија посета претставници на Народниот Правобранител.

### *Институционално постапување*

Во текот на седмицата, вкупно 22 бегалци кои се затекнати по илегални патишта, се пренесени кон грчка страна.

На 17.10.2016 година, шест бегалци кои престојуваат во кампот и имаат поднесено барање за азил, доброволно и на своја иницијатива го напуштија кампот и преминаа кон грчката страна. Истиот ден во кампот пристигнаа тројца бегалци од Ирак. Откако со нив беше остварен разговор од страна на безбедносните служби, тие се „депортирани“ на грчка страна.

Една жена бегалка која во кампот престојуваше подолго време, по спроведена постапка од страна на Германската амбасада, доби германска виза со цел да се обедини со својот сопруг, кој е веќе во Германија. Ова е вториот регистриран случај на семејно обединување на бегалци кои престојуваат во Република Македонија.

На 18.10.2016 година, во попладневните часови со полициско возило од село Сопот, Куманово се спроведени 15 бегалци, меѓу кои 6 од Сирија (две жени, две деца и двајца мажи), седум со потекло од Ирак (две деца, две жени и тројца мажи), еден маж од Либија и еден маж од Јемен. Од страна на Црвен Крст им е обезбедена хуманитарна и медицинска помош, а од страна на безбедносните служби им беше извршено профилирање. Од оваа група 10 бегалци се пренесени кон Грција, а едно семејство со пет членови со потекло од Сирија се задржани поради влошената здравствена состојба на мајката која е бремена.

Наредниот ден, 8 бегалци со потекло од Ирак и Пакистан се фатени во близина на Гевгелија. Тие се донесени во кампот, по што им е извршено регистрирање од страна на безбедносните служби и им е извршена проверка на мобилните телефони.

На 20.10.2016 година, во кампот се донесени 6 бегалци со потекло од Авганистан и Бангладеш. Откако се интервјуирани од страна на полицијата, истиот ден се пренесени кон Грција.

На бегалците кои се баратели на азил, а престојуваат во кампот им се дозволува повремен излез со придружба на Црвен Крст, неколку пати во неделата, во ограничено време.

## Куманово

### *Просторни капацитети и услови*

Бројот на бегалци во кампот се движи од 100 до 115 и варира зависно од групите бегалци кои пристигнуваат и се задржуваат или си заминуваат од кампот. Надлежните институции во кампот располагаат со различни бројки за бегалци кои се официјално присутни во кампот.

Нема значителни промени во просторните услови во кампот, со исклучок на преместувањето на одредени семејства од куќарките, со цел да се сместат новопристигнатите бегалци.

### *Институционално постапување*

Групите бегалци кои што пристигнаа минатата седмица во кампот се регистрирани и им е обезбеден престој во кампот.

На 18.10.206 година, полициски службеници зеле еден бегалец со потекло од Либија и го однеле во непознат правец. Наредниот ден, овластени службени лица во цивилна облека од кампот зеле двајца бегалци со потекло од Судан и Пакистан. Подоцна во истиот ден, 9 бегалци со потекло од Пакистан се ставени во возила од страна на полициските службеници на смена, со цел да се однесат на непозната локација. Еден бегалец од оваа група, успеа да избега од полициските службеници и не беше фатен. Не постои информација за тоа каде се однесени овие бегалци.

На 22.10.2016 година, во кампот пристигнаа двајца бегалци со потекло од Африка, но од страна на полицијата не им беше дозволено да престојуваат во кампот, туку само краток престој за да добијат хуманитарна помош од Црвен Крст.

Децата кои престојуваат во кампот, во организација на СОС Детско село, се однесени на еднодневна екскурзија во Зоолошката градина во Скопје.

## Состојба во Прифатните центри во Република Македонија

Бројот на бегалци во Прифатните центри во Република Македонија е недостапен.

## Нерегуларна миграција

Во текот на оваа седмица, Министерството за внатрешни работи во дневните билтени регистрирало само еден кривично-правен настан поврзан со бегалците и нерегуларната миграција. Имено, на 21.10.2016 година во товарно возило на регионалниот пат Стар Дојран- Гевгелија е пронајдено товарно возило во кое се превезувале 11 бегалци со потекло од Сирија, Авганистан и Пакистан. Двете лица кои управувале со возилото се приведени и против нив е поднесена кривична пријава.